РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 12-3865/4
08 07 2009 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 35 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/08 и 26/09) и член 220 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 38/05 и 110/08), Министерот за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

### за почеток со работа на приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

Одборот за акредитација на високото образование на 70 седница одржана на 13.05.2008 година донесе Решение за акредитација на Проектот за основање на приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, согласно Законот за високотобразование во чии состав со статус на единици се факултет за претприемачки бизнис; факултет за менаџмент на човечките ресурси; факултет за меѓународен маркетинг менаџмент; факултет за спортски туризам; факултет за односи со јавноста како и факултетот за туризам кој е акредитиран од страна на Одборот за акредитација на високото образование на 48 седница со Решение од 19.06.2006 и има Решение за почеток со работа број 12-5115/2 од 04.10.2006 од страна на Министерот за образование и наука.

Основачот, фондација КОЛОМБО – Скопје поднесе барање број 03-24/1 од 29.05.2009 година за остварување на увид за исполнетост на условите за почеток со работа на приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје.

На ден 29.06.2009.година Комисија формирана со Решение на Министерот за образование и наука број 12-3865/2 од 25.06.2009 година изврши увид за исполнетоста на условите за почеток со работа на високообразовната установа Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, согласно Законот за високото образование и Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" број 33/03)

По извршениот увид, Комисијата поднесе Извештај број 12-3865/3 од 03.07.2009 година до Министерот за образование и наука за исполнетост на условите за почеток со работа на приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје.

Имајќи го предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Перо Стојановски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА 2 СКОПЈЕ

Доставено до:
- примач
- архива